Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 28.02.2021

На 27.02.2021 во 23.40 часот во Крива Паланка, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка ги лишиле од слобода М.Б.(22) од Крива Паланка и С.З.(29), И.Д. (27), И.А.(22) и С.А.(23), сите од Куманово, затоа што при преглед кај нив биле пронајдени марихуана и ризли. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.02.2021 во 15.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.И.(34) од Куманово, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.02.2021 во 16.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.Т.(51) од Куманово, затоа што при преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.02.2021 околу 11.30 часот во с.Банско, струмичко, полициски службеници го лишиле од слобода Н.А.(35) од с.Долна Бањица, гостиварско, затоа што при преглед во возилото „мерседес " со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал, биле пронајдени четири лица – мигранти. Тој бил приведен во полициска станица, а мигрантите биле предадени во Прифатниот транзитен центар „Винојг"-Гевгелија. По целосно документирање на случајот против Н.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.02.2021 во 21.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје извршиле преглед на Н.А.(22) од Скопје, при што пронашле и одзеле нож на расклопување. Тој бил приведен во полициска станица и против него ќе биде изготвен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 27.02.2021 во 12.35 часот на Граничен премин Табановце од слобода биле лишени З.Е. (25) и Х.Д.(27), двајцата од Косово, затоа што на увид и пасошка контрола приложиле туѓи, односно патни исправи на двајца македонски државјани. Идентитетот им бил утврден откако бил извршен преглед на нивниот личен личен багаж и биле пронајдени нивните лични документи. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 27.02.2021 во 04.30 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", поради приложени фалсификувани негативни ПЦР тестови, од слобода биле лишени В.Б.(37) и Д.Х. (12), двајцата од Велика Британија. Тие биле предадени на инспектори од Одделот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 27.02.2021 во 13.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Ј.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Коце Металец" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 28.02.2021 околу 02.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на регионалниот пат Кочани-Пониква, патничко возило „фолксваген туарег", со бугарски национални ознаки, управувано од И.А(38) од с.Облешево, кочанско, излетало од коловозот. Сопатничката М.Б.(31) од с.Прибачево, кочанско, починала на местото на незгодата, а сврт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Другата сопатничка, Е.Г.(28) од с.Василево, се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кочани, а со телесни повреди се здобил возачот. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Кочани.

На 27.02.2021 во 10.00 часот во Полициската станица Тетово, Б.П.(61) од Тетово пријавил дека на ул.„Видое Смилевски Бато" бил каснат од куче скитник.

На 27.02.2021 во 12.30 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Ф.О.(27,) А.Р.(30) и Л.Р.(31), сите од Велес, поради сомнение дека од 11.00 до 12.00 часот со употреба на тврд предмет и физичка сила извршиле кражба на повеќе предмети од магацин на „Железници на Република Северна Македонија", на ул.„Алекса Демниевски" во Велес. Украдените предмети биле пронајдени и одземени, а по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 27.02.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, М.В.(20) од Скопје пријавил дека на 26.02.2021 околу 24.00 часот, додека бил пред казино на ул.„Рузвелтова" со неговиот другар А.Ѓ.(20) од Скопје, бил физички нападнат од А.Д. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.02.2021 околу 11.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека во с.Лешница, гостиварско, додека сечел дрва, со тешки телесни повреди се здобил Г.К.(27) од с.Ломница, општина Врапчиште, констатирани во Медицински центар Гостивар.

На 27.02.2021 во 22.20 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Димитар Влахов" во Велес, по претходна расправија, Д.П.(22) и А.Д.(21), двајцата од Велес, биле физички нападнати од К.Г.(35) и А.И.(33), двајцата од Велес. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.02.2021 во 14.26 часотво СВР Скопје било пријавено дека во с.Добри дол, скопско, настанал пожар во кој горела сува трева и се ширел кон с.Маркова Сушица. Повредени лица нема, а била оштетена бандера сопственост на ЕВН. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.02.2021 во 18.25 часот на Граничен премин „Долно Блаце", А.С.(60) од Скопје, кој се претставил како пратеник во Собранието на РСМ и кој бил со негового семејство со патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, на висок тон се обратил на полициските службеници со образложение дека никаде не чекал ред и дека ни тука нема да чека. По целосно документирање на случајот, против А.С. ќе бидат изготвени поднесоци по член 4 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, по Законот гранична контрола (избегнување гранична контрола) и по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (престигнување колона).

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против М.А.(36), поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Пријавениот на 17.01.2021 околу 11.00 часот во својот дом на С.П. му продал марихуана, која при преглед на возилото е одземена од полициски службеници. Пријавениот во 09.00 часот, со Д.М. извршил размена на производи за марихуана. Остатокот од марихуаната го предал на полициски службеник при вршење на негов преглед.

На 27.02.2021 во 13.35 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на место викано „Полето", атар на с.Будинарци, настанал пожар при што биле опожарени сува трева и плевна. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Берово пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од ОВР Берово.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Б.Ш.(30) од Богданци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 15.05.2020 во 21.00 часот, полициски службеници го запреле Б.Ш. со патничко возило „фолксваген", во време на забрана за движење на населението, при што тој се обидел да употреби дозвола за движење на вработени поради вршење на дневна и ноќна работа, што ја поседувал од правно лице од Богданци, која не го оправдувала неговото движење во тој временски период.

На 27.02.2021 околу 06.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на железничката станица „Јане Сандански", односно на влез во станицата, непознат сторител демонтирал делови од свртница од инфраструктура на „Железници на Република Северна Македонија", кои служат за одредување на правец на движење на возовите и ги оставил покрај пругата. На тој начин била загрозена безбедноста на железничкиот сообраќај на тој дел од пругата, но сообраќајот не е во прекин. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Гевгелија и К.Г.(52) од Гевгелија, управител во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.12.2020 во 23.20 часот, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека угостителскиот објект работи после дозволеното работно време, односно по 21.00 часот.

На 27.02.2021 околу 10.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на место викано „Абланица", атар на Берово, Б.Ч.(76) запалил суви гранки во неговиот имот, при што огнот се проширил и зафатил соседен имот обраснат со сува трева и нискостеблести растенија. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Берово пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од ОВР Берово.

На 27.02.2021 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека имало пукање со огнено оружје во с.Љубанци, скопско. Полициски службеници излегле на местото и по преземените мерки било констатирано дека во наведеното време во с.Љубанци настанала расправија помеѓу А.С.(24) од с.Волково, скопско и М.С.(26) од с.Никиштане, скопско, од една страна и А.Ј.(20) од с.Љубанци и Ф.Д.(22) од с.Радишани, скопско, од друга, по што А.С. бил физички нападнат. Според пријавеното, М.С. помислил дека и тој може да биде нападнат и испукал неколку куршуми во воздух и заминал од местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.Д.(48) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.10.2020 на магистралниот пат Гостивар-Кичево, полициски службеници од Полициската станица Гостивар извршиле контрола на автобус „сетра", управуван од С.Д., кој вршел транспорт на патници, при што било утврдено дека не постапил според прописите, односно дило констатирано дека во автобусот има повеќе патници од дозволеното, односно повеќе од 50% вкупниот капацитет.

На 27.02.2021 во Полициското одделение Петровец, Б.Х.(39) од Република Србија, со државјанство на Велика Британија, пријавил дека на 25.02.2021 на „Меѓународен аеродром - Скопје" бил физички нападнат од двајца полициски службеници. За случајот бил известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и се преземаат мерки за негово расчистување.

Одделението за внатрешни работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.А.(49) од с.Врбјани, општина Маврово и Ростуше, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 28.10.2020 на магистралниот пат Гостивар-Кичево, полициски службеници од Полициската станица Гостивар извршиле контрола на автобус „сетра", управуван од Е.А., кој вршел транспорт на патници, при што било утврдено дека не постапил според прописите, односно било констатирано дека во автобусот има повеќе патници од дозволеното, односно повеќе од 50% вкупниот капацитет.